Од: Коалиција за клима, неформална коалиција на граѓански организации за климатските промени и заштита на животната средина

Контакт лица: Бојана Божиновска Силјановска и Бојан Трпевски, Македонско здружение на млади правници, телефон: 02 3 220 870, e-mail: contact@myla.org.mk

До: Пратеници во Собрание на Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Министерство за транспорт и врски
ЈП Национални шуми
ЈП Државни патишта

Предмет: Барање за почитување на стандардите за заштита на животната средина при спроведување на стратешки инвестиции

Почитуван/а,

Коалицијата за клима е неформална коалиција составена од повеќе од 20 граѓански организации кои работат на едукација и информирање за климатските промени со цел зголемување на учеството на граѓаните во носењето на одлуки и мониторирање на спроведувањето на истите. Основна цел на Коалицијата е остварување на локална синхронизирана акција, силно општествено влијание и трансформација преку градење климатска култура. Целта се остварува преку грижа и почит кон локалните природни вредности, солидарност кон други иницијативи (локални и глобални), климатска акција и одговорност кон планетата.

Земајќи ја предвид мисијата на Коалицијата за клима, со ова писмо ја истакнуваме поддршката на ставовите изразени во документот издаден од МЗМП „**Коридорите 8 и 10д - Дали имаме доволно гаранции дека изградбата на автопати нема да влијае негативно врз шумскиот фонд**“. Документот се осврнува на изградбата на автопати и заштитата на животната средина низ призмата на ЕУ, но и на домашното законодавство.

Владата на РСМ на 7.3.2023 година го одобри договорот за изградба на Коридорите 8 и 10-д. Групи пратеници поднесоа девет предлози за изменување закони, кои, според образложението, се неопходни за реализација на проектот. Меѓу другите беа предложени и измени на Законот за шумите. Владата на 8.5.2023 со користење на т.н. скратена процедура со „европско знаменце“ достави предлози за пет од законите за кои веќе беа поднесени предлози од пратениците.

Оцената на влијанието врз животната средина, предвидена во македонското законодавство, има цел да ги предвиди потенцијаните штетни влијанија врз

животната средина и да ги избегне или намали таквите штетни влијанија, при што истовремено треба да се доведат во рамнотежа целите во однос на животната средина, социјалните и економските цели. Изградбата на автопатишта влегува во проекти каде што е потребна и задолжителна оцената на влијанието врз животната средина согласно прописите на Република Северна Македонија (РСМ) и ЕУ.

Сѐ уште не постои оцена на влијание врз животната средина за првиот дел од автопатот Гостивар-Букојчани, каде што има пространство на шума. Заради недоволната јасност и прецизност на одредбите од Законот за животната средина, се поставува прашањето дали воопшто е започнат процесот за оцена на влијанието на делницата Гостивар-Букојчани.

Поради сите овие причини бараме од надлежните институции:

- Оцената на влијанијата на животната средина при изградба на автопатишта, која е задолжителна, да не биде пропуштено да се направи само заради стратешката природа на изведба на проектот.
- Брзото градење на автопатиштата и менувањето прописи не смее да значи брзо наштетување на биодиверзитетот.
- Јавноста мора да е вклучена во процесот на одлучување за изградба на автопатишта. Ефективното вклучување на јавноста е обврска на државата според Архуската конвенција која Северна Македонија ја има ратификувано.
- Ефикасна изведба на стратешки проекти не смее да подразбира негативен ефект врз животната средина и постоење правна несигурност. Република Северна Македонија мора да ги почитува меѓународните документи чија потписничка е, како и сопственото право, кое е притоа синхронизирано со ЕУ, а со тоа има имплицирана одговорност и спрема ЕУ.
- Очекувањата Северна Македонија да ги започне преговорите за членство во ЕУ значи дека при изменувањето и спроведувањето на постоечките прописи Северна Македонија мора да ги има предвид ставовите на Судот на правдата на ЕУ изразени во Случајот со Шумата Бјаловиежа (Комисијата против Полска), кои се дел и од acquis communautaire на унијата.

**Со почит,**
**Коалиција за клима**